EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

ДОКУМЕНТ СО ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИКИ

ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ

Посигурна иднина: Зајакнување на превенцијата од родово базирано насилство преку професионална обука во Северна Македонија

Улога

Вработените во Центрите за социјална работа (ЦСР), како даватели на прв одговор, имаат клучна улога во поддршката на жртвите на сите форми на родово базирано насилство (РБН). Тие обезбедуваат пристап до неопходна помош, заштита и поддршка, во координација со надлежните институции и организации од граѓанското општество, со цел унапредување на интервенциите. Центарите за социјална работа обезбедуваат поддршка која има за цел опоравување на жртвите од насилството, нивно јакнење и спречување на повторно насилство. Секој Центар за социјална работа треба да има најмалку еден посветен тим составен од социјален работник, правник, педагог и психолог, сите сертифицирани и обучени за работа со жртви на родово базирано и семејно насилство. Професионалниот кадар во центрите е одговорен за ефикасно постапување со случаи за да се обезбедат квалитетни услуги за корисниците. Професионалците кои ги обезбедуваат овие услуги треба да имаат сеопфатно разбирање за различните форми на РБН вклучувајќи го насилството врз жени и деца, обезбедувајќи пристап заснован на човекови права и родова еднаквост. Нивната работа треба да биде насочена кон минимизирање на секундарната виктимизација, при што во фокусот се става безбедноста, благосостојбата и целокупното закрепнување на жртвите, во согласност со обврските од Истанбулската конвенција.

Вовед и контекст

Родово базираното насилство (РБН), вклучувајќи го насилството врз жени (НВЖ) и семејното насилство (СН), претставува сериозен и траен општествен проблем во Северна Македонија, длабоко вкоренет во патријархалните норми, нееднаквите односи на моќ и родовите стереотипи. И покрај постојното законодавство и усогласувањето со Истанбулската конвенција, предизвици остануваат во имплементацијата на законите, недоволната институционална координација и ограничените капацитети за превенција и заштита.

Финансирано од Европска Унија

ЕУ ТЕБЕ

РБН и понатаму е широко распространето во Северна Македонија. Речиси половина од жените (45%) имаат доживеано некој облик на насилство од интимен партнер – било физичко, сексуално или психолошко – по 15-годишна возраст. (ОБСЕ, 2019)

- Внатрешни податоци собрани од 30-те Центри за социјална работа од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ) покажуваат континуиран пораст на пријавени случаи на РБН и СН во периодот од 2022 до 2024 година.
- Психолошкото насилство останува најчесто пријавуваниот облик, зголемувајќи се од 1.051 случаи во 2022 на 1.492 во 2024 година.
- Физичкото насилство исто така бележи постојан пораст, со 846 пријавени случаи во 2022 година, 944 случаи во 2023 година и достигнувајќи 951 случај во 2024 година.
- Иако поретко пријавувано, економското насилство е во пораст – од 25 случаи во 2022 на 36 во 2024 година.
- Според податоците од МВР, случаите на силување се зголемиле од 18 во 2022 на 33 во 2023 година и 31 во 2024.
- Случаите на телесна повреда и понатаму доминираат во контекстот на семејното насилство, со повеќе од 650 кривични дела регистрирани секоја година.
- Бројот на фемициди — кој се движи од 3 до 7 годишно — е загрижувачки, особено во контекст на земја со население од само 1,8 милиони жители.

Истражувањето спроведено од ОБСЕ (2019) покажа дека само 2% од жените во Северна Македонија кои доживеале родово базирано насилство го пријавиле на полицијата инцидентот што тие го сметаат за најсериозен

Истражувањето за родово базирано насилство на ЕУ (2024), кое ги опфаќа сите 27 земји членки, покажува дека 21% од жените кои доживеале физичко насилство, закани и/или сексуално насилство во некој период од животот побарале поддршка од здравствена или социјална служба додека 14% од нив го пријавиле инцидентот во полиција.



Обем на истражувањето

Истражувањето имаше за цел да одговори на следното главно прашање: „*Како може да се унапреди превенцијата на родово базираното насилство во Северна Македонија преку обука на професионалци/први одговорни лица?*“

Истражувањето користи комбиниран методолошки пристап кој вклучува преглед и анализа на релевантна литература и законски документи, како и квалитативни податоци собрани преку интервјуа и онлајн прашалници со професионалци и први одговорни лица. Истражувањето беше спроведено во периодот ноември 2024 – април 2025 година. Собраните податоци се фокусираат на превентивните мерки, конкретно обуките за професионалци и првите одговорни лица, кои беа реализирани од јануари 2021 до декември 2024 година.

ОПФАТ - Прашалникот го одговорија 79 професионалци (69 жени и 10 мажи) од 30 различни Центри за социјални работи, вклучувајќи социјални работници, психолози, педагози, правни експерти и триажни работници. Значително, 34 од нив се и менаџери на случаи, а речиси половина имаат повеќе од 10 години работно искуство, што укажува на високо искусен примерок. Дополнително, интервјуа беа спроведени со 13 претставнички/ци од граѓанските и интернационалните организации, како и со две претставнички од Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Клучни Наоди -Центри за социјална работа

Во периодот од јануари 2021 до декември 2024 година беа организирани низа обуки за професионалци од центрите за социјална работа низ цела Северна Македонија. Клучни теми опфатени со обуките:

- **Основна обука за РБН:** Повеќето програми вклучуваа модули за препознавање и одговор на различни форми на РБН и СН, вклучително и насилство во интимни партнерски односи, сексуално насилство и следење.
- **Правна рамка**: Учесниците беа запознаени со националните и меѓународните законски обврски (на пр. Истанбулската конвенција, ЦЕДАВ) и со правата на преживеаните, вклучително и пристап до правда и надомест.
- **Интерсекционалност и маргинализирани групи**: Дел од обуките вклучуваа интерсекционален пристап, со фокус на потребите на маргинализирани групи како што се жени кориснички на дроги, Ромки и ЛГБТИ лица.
- **Практики базирани на траума**: Обуките опфатија чувствителност кон траума, превенција од секундарна виктимизација и унапредување на одговорот во рамки на институциите.
- **Меѓусекторска соработка**: Неколку програми потенцираа координирани одговори и заеднички обуки со учество на полиција, обвинителство, здравствени работници и центрите за социјална работа.
- **Реинтеграција и рехабилитација**: Дел од обуките беа посветени на долгорочна поддршка и реинтеграција на преживеаните во општеството.
- **Работа со сторители**: Специјализирани сесии беа спроведени за професионалци вклучени во психосоцијален третман и советување на сторители.
- **Технолошки потпомогнато РБН (ТПРБН)**: Во 2024 година е воведена нова содржина за ТПРБН, онлајн злоупотреба и постапување со дигитални докази.

Недостатоци во иницијалната обука и познавањето на правната рамка

Истражувањето откри значителни празнини во иницијалната обука и познавањето на законската рамка, укажувајќи на потреба од посистематизирано и континуирано градење на капацитети. Само 7% од испитаниците изјавиле дека добиле соодветна обука при вработување, додека две третини ја опишале обуката како делумна, недоволна или целосно отсутна. Дополнително, 43% од професионалците не учествувале на ниту една обука за РБН, НВЖ или СН од донесувањето од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (ЗСЗНВЖСН) — што отвора сериозни прашања за нивната подготвеност да реагираат соодветно.

Фокус на семејното насилство, занемарување на поширокиот концепт на РБН

Иако постои солидна свесност за националното законодавство, познавањето на меѓународните стандарди, како Истанбулската конвенција, останува нерамномерно. Повеќето обуки главно се фокусирале на семејното насилство, а не на поширокиот спектар на родово базирано насилство. Темите најчесто опфаќале идентификација на жртви, охрабрување за пријавување, правна рамка, проценка на ризик, управување со случаи и меѓуинституционална соработка. Сепак, речиси 90% од испитаниците сметаат дека обуките биле само делумно корисни или недоволни за ефикасна работа со жртви

Ставови, перцепции и разбирање на РБН

- Постојат силни институционални вредности за родова еднаквост меѓу испитаниците, кои генерално ги поддржуваат еднаквите права, споделените домашни обврски и родителска грижа.
- Наодите покажуваат и високо ниво на емпатија и информираност за РБН, особено во разбирањето на факторите што влијаат врз одлуките на жените да останат во насилни врски (страв, економска зависност, структурни бариери).
- Сепак, 7% изразиле колебливост околу пријавување на психолошко насилство, а над 42% се согласиле или останале неутрални кон тврдењето дека семејното насилство треба да се пријави само доколку има сериозни физички последици — што укажува на недоволно разбирање на нефизичките облици на насилство.

Предрасуди и ставови кон жртвите и сторителите

- Загрижувачки е што речиси една третина од испитаниците се согласуваат или не се сигурни околу тврдењето дека жените понекогаш претеруваат или измислуваат случаи на РБН — што може да ја поткопа довербата и подготвеноста на жртвите да пријават.
- Ставовите кон сторителите се мешани: многумина ја отфрлаат стигматизацијата, но и понатаму постои високо ниво на неутралност во поглед на можноста за нивна промена или разбирање на структурните причини за насилство.

Професионална етика, доверба и грижа за ментално здравје

- 69% од испитаниците веруваат дека довербата во институцијата значително влијае на пријавувањето на насилство, а 55% препознаваат дека нивниот личен однос кон жртвите е пресуден фактор. Сепак, дел од професионалците ја минимизираат оваа улога, што бара дополнителна обука насочена кон градење доверба и емпатичен пристап.
- Значителен недостаток е ограниченият фокус на управување со стрес и спречување на професионално прегорување, и покрај високата емотивна оптовареност на работата со жртви на насилство.

Јазови помеѓу правната рамка и практичната имплементација

Иако постојат законски обврски за обука и едукација на давателите на прв одговор од Центрите за социјални работи во согласност со од ЗСЗНВЖСН и Истанбулската конвенција, во пракса постојат значајни јазови во имплементацијата. Обуките не се систематски и континуирани за сите вработени, а недостасува унифициран пристап и стандардизирани процедури што ги отежнуваат ефективното и доследно справување со случаите на родово базирано и семејно насилство. Центрите имаат обврска да обезбедат специјализиран тим обучен за работа со жртви, сепак во некои региони недостигаат доволно обуки и кадровски капацитети, што влијае врз квалитетот на услугите. Дополнително, нецелосната меѓусекторска координација и недоволното познавање на меѓународните стандарди од страна на персоналот го ограничуваат нивниот капацитет да обезбедат соодветна поддршка и заштита на жртвите. Истовремено, неактивниот Регистар на обучени лица што треба да го води МСПДМ дополнително ја ослабува институционалната гаранција за стандардизиран и квалитетен одговор. Овие недостатоци создаваат јаз помеѓу правната рамка и практичната имплементација, што ја намалува ефикасноста на институционалниот одговор на Центрите за социјални работи како први даватели на одговор при РБН.

Препораки за давателите на прв одговор од Центрите за социјални работи при РБН

Развивање и имплементација на сеопфатни и специјализирани програми за обука

- Развивање и спроведување на долгорочни обуки кои ги адресираат специфичните потреби на жртвите на родово базирано и семејно насилство.
- Фокусирање на практични вештини, како проценка на ризик, справување со тешки ситуации и спречување на повторна траума кај жртвите.
- Обезбедување специјализирани обуки за работа со маргинализирани групи, вклучувајќи мигрантки, Ромки, жени со попреченост и ЛГБТИК+ лица, со цел интегриран и интерсекциски пристап.

Засилување на родово-сензитивниот пристап во обуките

- Имплементирање обуки кои ќе ги адресираат личните предрасуди, штетните родови стереотипи и традиционалните верувања за родовите улоги кои можат негативно да влијаат врз поддршката за жртвите.
- Промовирање на родова еднаквост и пристап фокусиран на жртвата, заснован на човековите права, со цел професионалците да ги поддржуваат сите жртви подеднакво.
- Обезбедување целени обуки за работа со сторители на РБН, со фокус на проценка на ризик, пристапи за промена на однесувањето и безбедно повторно вклучување.

Фокус на превенција од секундарна виктимизација

- Приоритетно обука за спречување на секундарна виктимизација во институционалните интеракции, со акцент на емпатична комуникација, грижа заснована на разбирање на траумата и практики кои не предизвикуваат дополнителна траума.
- Вклучување развој на стратегии и вештини за градење доверба кај жртвите, особено во сложени случаи со конфликти или недостаток на ресурси.

Зголемување на капацитетите за познавање на правните и меѓународните рамки

- Засилување на обуките за националните и меѓународните правни рамки кои ја регулираат РБН, вклучувајќи го ЗСЗНВЖСН, Истанбулската конвенција и други релевантни обврски.
- Обезбедување континуирано ажурирање за правните обврски, особено во делот на правата на жртвите и институционалните одговорности.

Поттикнување меѓусекторска соработка и мултисекторски пристапи

- Промовирање обуки кои ја охрабруваат соработката и споделувањето искуства меѓу различни сектори (социјални услуги, здравство, полиција, правосудство, образование, вработување).
- Поттикнување развој на мултисекторските тимови за координиран и одговор фокусиран на жртвата.
- Обезбедување обуки за навигација низ меѓуинституционална соработка и јасно дефинирање улоги и одговорности на сите засегнати страни.
- Вклучување обуки за програми за рехабилитација на сторители, со цел сите актери да ги разберат своите улоги и во заштитата на жртвите и во превенцијата на повторно насилство.

Развој и имплементација на практични обуки

- Премин кон практични обуки со вклучување на симулации, студии на случаи и улоги за стекнување реално искуство.
- Поттикнување развој на алатки за управување со случаи кои овозможуваат рано препознавање на РБН и ефикасно справување со сложени и чувствителни случаи. Поддршката за овие алатки треба да дојде од организациските структури на Центрите за социјална работа.

Вклучување на психолошка поддршка за професионалците

- Обука за препознавање и справување со менталното здравје кај професионалците кои работат со РБН, како и за потребата од грижа за сопствената психолошка благосостојба.
- Создавање системи за поддршка (на пр. супервизија, интервизија) за справување со емотивниот товар на работата, со цел обезбедување долгорочна одржливост на персоналот.

Континуирано мониторирање и механизми за повратна информација

- Воспоставување механизми за постојано следење и евалуација на обуките за да се процени нивната ефикасност и да се прилагодат програмите според потребите, новите сознанија и предизвиците во областа.
- Поттикнување континуиран дијалог меѓу обучувачите, институциите и жртвите за усогласување на обуките со реалните предизвици и новите трендови во справувањето со РБН и ССН.

ЗА ПРИСТАП ДО ЦЕЛОТО ИСТРАЖУВАЊЕ "ПОСИГУРНА ИДНИНА: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРЕВЕНЦИЈАТА ОД РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ПРЕКУ ПРОФЕСИОНАЛНА ОБУКА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" СКЕНИРАЈТЕ ГО QR КОДОТ!

ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е ФИНАНСИРАНА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. НЕЈЗИНАТА СОДРЖИНА Е ЕДИНСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ЛУДВИГ БОЛЦМАН ГЕСЕЛШАФТ – ИНСТИТУТ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА (LBI-GMR) И НЕ НУЖНО ГИ ОДРАЗУВА СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.